**20210751149**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 13 став (3) од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), министерот за финансии донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА РАСХОДИТЕ**

Член 1

Во Правилникот за класификација на расходите („Службен весник на Република Македонија“ бр.76/09 и 153/09), во Класификација на расходите на синтетичките конта од класата 4-Расходи, во поткатегоријата 41-Резерви и недефинирани расходи, ставка 414-Резерви за капитални расходи, по потставката 414110-Капитални резерви се додаваат десет нови потставки 414480, 414481, 414482, 414483, 414484, 414485, 414486, 414487, 414488 и 414489, кои гласат:

„414480 Капитални резерви- Купување на опрема и машини
414481 Капитални резерви- Градежни објекти
414482 Капитални резерви- Други градежни објекти
414483 Капитални резерви- Купување на мебел
414484 Капитални резерви- Стратешки стоки и други резерви
414485 Капитални резерви- Вложувања и нефинансиски средства
414486 Капитални резерви- Купување на возила
414487 Капитални резерви- Капитални трансфери до вонбуџетски фондови
414488 Капитални резерви- Капитални дотации до ЕЛС
414489 Капитални резерви- Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации”.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 08-3551/1
31 март 2021 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Фатмир Бесими,** с.р.